suva



# Осигурителната заштита на Сува

## Уникатна заштита во случај на незгоди

## Деловното осигурување им нуди на самовработените лица и членовите на семејството кои работат со нив единствена заштита во случај на несреќи и професионални болести

# Несреќи се случуваат

## Деловното осигурување заштитува

**Дали го знаевте тоа? Многу работи можат да им се случат на самовработените во текот на 30 години работа:**

- Секој е отсутен од работа повеќе од еднаш подолго од 30 дена поради незгода.
- Порано или подоцна секој десетти ќе добие инвалидска пензија.
- Секој стоти умира како последица на незгода.

Ако самовработените лица не работат, не земаат плата. Тие дури и ризикуваат да ги загубат нарачките и клиентите ако немаат пари да платат заменик при подолго отсуство.
За среќа, Сува нуди деловно осигурување, па самовработените можат да се осигураат од незгоди при работа и во слободно време, како и од професионални болести. Сува ги плаќа сите трошоци за лекување веднаш и директно. Дополнително, жртвите од несреќи добиваат дневен надоместок или пензија. Овие готовински плаќања го обезбедуваат претходниот приход или овозможуваат, на пример, ангажирање заменик кој се грижи за работите во компанијата.

**Следниве примери покажуваат настани каде деловното осигурување помага:**

### Трошоци за лекување

Молерскиот мајстор Уели Милер доживеа несреќа додека скијаше и се здоби со комплицирана фрактура на зглобот на коленото. Неговиот престој во болница, физиотерапијата, медицинските трошоци и рехабилитацијата во сопствената клиника за рехабилитација на Сува во Беликон директно ги плаќа Сува. Благодарение на деловното осигурување, Уели Милер е поштеден од вообичаените трошоци како што се на пример франшиза или задржувања.

### Дневен надомест

Петер Мајер се сопнува преку челичен носач на градилиштето и паѓа во јама за фундамент. Не може да работи седум месеци. Благодарение на осигурената плата од 70.000 франци, тој добива секој ден по 153.40 франци, вклучително и во сабота и недела.

### Пензија

Жаклин Мозер има две деца и веќе две години е вдовица. Благодарение на деловното осигурување, таа ќе добива доживотна пензија за вдовици од 34.000 франци годишно. И дополнителни 12.750 франци за секое нејзино дете.

### Кликнете овде за филмот за деловното осигурување

Деловното осигурување објаснето за три минути. Едноставно скенирајте го соседниот QR код со вашиот паметен телефон или таблет и погледнете го филмот. Или информирајте се www.suva.ch/unternehmerversicherung.



# Безбедност при работа и во слободно време

## Сеопфатни услуги за претприемачи

**Самовработените лица секојдневно обезбедуваат одлични услуги за своите клиенти. Добро е што постои доверлив партнер во деловното осигурување кој ги покрива грбот на претприемачите по несреќи.**

Деловното осигурување ги вклучува следните услуги во случај на несреќа на работа или за време на слободното време и во случај на професионална болест:

### Лекарски и болнички трошоци
- Сува директно ги плаќа сите трошоци. Нема дополнителни трошоци за осигурените лица: Деловното осигурување на познава франшиза или задржување.
- Болнички престој на општото одделение во цела Швајцарија
- Лекарските и болничките трошоци се покриени без временски ограничувања, како и без ограничувања на износот.

### Неограничени услуги во однос на лекување и нега
- Лековите се неограничено покриени во однос на времето и износот.
- Слободен избор на лекар, стоматолог, хиропрактичар, физиотерапевти, аптеки и болници
- Лекувањето во странство е покриено во земјите на ЕУ/ЕФТА и избраните земји според посебен договор, во остатокот од светот до двојно повеќе од износот што би бил направен за лекување во Швајцарија. За повеќе информации јавете се во најблиската Suva агенција на 0848 820 820.
- Се преземаат дополнителни и балнеолошки третмани препишани од лекар.
- За медицинска рехабилитација поради несреќен случај, Сува има свои клиники за рехабилитација во Беликон и Сион.
- Дополнителните трошоци за протези, мерки за спасување и извлекување, како и за патувања и транспорт неопходни за медицински третман се покриени.

### Обезбедување на приходот
- Временски неограничен дневен надомест
- Доживотна пензија
- Еднократен паричен надомест во случај на трајна, значителна штета (надомест за интегритет)

### Семејна пензија
- Пензија за вдовици и вдовци
- Пензија за сираци

### Услуги во случај на штета
- Брзо и лесно известување за несреќа преку веб-страницата на Сува
- Брзо решавање на штети
- Лична поддршка преку управување со случаи за брза реинтеграција во работниот живот
- 24-часовна телефонска линија за несреќи во странство



# Загарантиран доживотен приход

## За опуштен поглед кон иднината

### Дневен надомест

Во случај на краткотрајна спреченост за работа, дневниот надомест покрива 80 отсто од осигурената заработка. Во случај на делумна спреченост за работа, дневниот надомест соодветно се намалува.

Дневниот надомест се исплаќа за секој календарски ден и започнува на третиот ден по несреќата. Доколку осигуреното лице сака исплатата да се изврши дури по 15-от или 30-от ден, премијата се намалува до 40 проценти.

Дневниот надомест се исплаќа додека лицето повторно не може да работи или додека не започне пензијата од деловното осигурување.

### Пензии

Доколку последиците од несреќата или професионалната болест се толку сериозни што осигуреното лице повеќе не може да ја извршува својата работа, ќе се исплатува доживотна пензија до 80 отсто од осигурената заработка. Во врска со инвалидска пензија од инвалидското осигурување Сува ја зголемува пензијата најмногу до 90 проценти.

Инвалидската пензија може да се намали кога ќе достигнете нормална возраст за пензионирање. Намалувањето зависи од возраста во моментот на несреќата и степенот на инвалидност. Во случај на несреќа по достигнување на нормална возраст за пензионирање, не произлегува право на инвалидска пензија.

### Надомест за беспомошност и интегритет

Доколку е потребна помош од трети лица за извршување на секојдневните активности или е потребен личен надзор, инвалидската пензија се надополнува со надомест за беспомошност. Доколку телесното или менталното оштетување е тешко, деловното осигурување плаќа дополнителен надомест за интегритет.

---

**Интеракцијата на дневниот надомест и пензијата од деловното осигурување**




* Рок на чекање: 3 до 30 ден од појавата на несреќа/професионална болест

1 Без празнини во осигурувањето: Дневниот надемест се исплатува до отпочнување на пензијата.

2 Доживотна пензија од деловното осигурување

3 Надополнување на пензијата од инвалидското/старосното и семејно осигурување до

4 максимум 90 отсто од осигурената заработка

Пензијата од деловното осигурување периодично се прилагодува на поскапувањето.

Графиката ги прикажува долгорочните плаќањеа од деловното осигурување. Доколку жртвата од несреќен случај остане неспособна за работа подолг временски период, дневниот надомест ќе се исплати по истекот на рокот на чекање (1). Истиот соодветствува со 80 отсто од осигурената заработка.
Жртвата од несреќен случај го добива дневниот надомест до моментот кога повторно ќе биде способна да работи. Доколку жртвата од несреќен случај никогаш повеќе не може да работи, во игра влегуваат пензиските осигурувања. Деловното осигурување ја надополнува пензијата од инвалидското осигурување до максимум 90 проценти од осигурената заработка (2), (3), вклучително и на компензацијата на трошоците за живот (4). И тоа, само кај Сува, доживотно.



# Сеопфатна заштита за целото семејство

## Безгрижни роднини

**Вдовиците или вдовците и нивните деца добиваат семејни пензии. До 70 отсто од осигурената заработка се исплаќаат заедно на неколку живи издржувани лица.**

### Пензија за вдовици

Жените кои наполниле 45 години живот во моментот на смртта на нивниот сопруг или кои имаат барем едно свое дете имаат право на пензија и добиваат:

- 40 отсто од осигурената заработка,
- доживотна исплата,
- прилагодување кон поскапувањето.

Вдовица под 45-годишна возраст без деца има право на еднократна отпремнина.

Правото на пензија за вдовици згаснува ако повторно се омажите.

### Пензија за вдовци

Мажите кои во моментот на смртта на нивната сопруга имаат барем едно свое дете со право на пензија, имаат право на пензија и добиваат:

- 40 отсто од осигурената заработка,
- доживотна исплата,
- прилагодување кон поскапувањето.

Правото на пензија за вдовци згаснува ако повторно се ожените.

### Пензија за сираци

Децата добиваат до 18-годишна  возраст или додека не го завршат своето образование (максимум 25 години): како полусирак 15 проценти од осигурената заработка, а ако ги изгубиле двата родители, добиваат 25 проценти од осигурената заработка

# Деловното осигурување на Сува

## Кој може да се осигури?

**Деловно осигурување на Сува може да склучат сите самовработени лица и членовите на нивните семејства кои работат без плата или животните партнери кои работат во следните компании:**

- Архитектонски канцеларии
- Компании за управување со градежништвото
- Компании за градежништво и завршни активности
- Хемиски чистења
- Продавници за електрична инсталација
- Шумарски компании
- Гаражи
- Трговија со пијалаци
- Информациски и електротехнички компании
- Инженерски канцеларии
- Машински работилници
- Ортопедски работилници
- Радио-телевизиски продавници
- Столарски работилници
- Лимарски работилници
- Компании за челични и метални конструкции
- Работилници за резбарење на камен
- Текстилни компании
- Транспортни претпријатија

Набројувањето не е конечно.

Можете да добиете бесплатен, необврзувачки совет – исто така на лице место доколку сакате – од вашата најблиска Сува агенција на:

**Телефон 0848 820 820**

Повеќе информации:
www.suva.ch/unternehmerversicherung

# Уникатните услуги

**Сè на прв поглед**

| | |
|---|---|
| **Лекарски и болнички трошоци** | • Нема франшиза<br>• Нема задржувања<br>• Нема максимален износ<br>• Болнички престој низ цела Швајцарија |
| **Дневен надомест** | • 80 % од осигурената заработка<br>• од 3-от, 15-от или 30-от ден по доживеаната незгода<br>• до почетокот на пензиите |
| **Пензија** | • највеќе 90 % при целосна инвалидност, заедно со пензијата од староснoто и семејно осигурување/инвалидското осигурување<br>• Додатоци за компензација на поскапувањето |
| **Надомест за беспомошност** | • Додаток на инвалидската пензија, доколку е постојана потребна помошта на трети лица |
| **Надомест за интегритет** | • дополнителна капитална исплата до максималниот износ на осигурената годишна заработка што се применува на денот на несреќата |
| **Семејна пензија** | • вдовици и вдовци 40 %<br>• полусираци 15 %<br>• сираци 25 %<br>• заедно највеќе 70 %<br>• Заедно со пензијата за вдовици и вдовци од староснoто и семејно осигурување 90 %<br>• Додатоци за компензација на поскапувањето |
| **Рецидиви и доцни последици** | • временски неограничено право на пријавување |
| **24-часовна телефонска линија за помош при несреќи во странство** | • Информации пред патувањето<br>• Посредување на медицинска нега<br>• Враќање во Швајцарија |

## Моделот Сува
## Четирите основни столба

Сува е повеќе од осигурителна компанија; комбинира превенција, осигурување и рехабилитација.

Сува им ја враќа добивката на осигурениците во вид на пониски премии.

Со Сува управуваат социјалните партнери. Урамнотежениот состав на Советот на Сува, составен од работодавачи, вработени и федерални претставници, овозможува широки, одржливи решенија.

Сува е самоодржлива; не добива јавни средства.




**Сува**
Поштенски фах, 6002 Луцерн

**Известувања**
Тел. 058 411 12 12
kundendienst@suva.ch

**Преземи**
www.suva.ch/2727.mk

**Наслов**
Деловно осигурување

Печатено во Швајцарија
Повторно печатење – освен за комерцијална употреба – е дозволено под услов да се наведе изворот.
Издание: март 2022 година

**Број на публикација**
2727.mk (Достапно само како PDF)